СПОДЕЛИ ДОЖИВУВАЊА

МАКЕДОНСКИ ТЕЛЕКОМ АД - СКОПЈЕ
Адреса: „Кеј 13-ти Ноември" број 6, 1000 Скопје, Р. Македонија

МАКЕДОНСКИ ТЕЛЕКОМ
Акционерско друштво за електронски комуникации-Скопје
Број 10-4718535/1 4
Дата 21-12-2017

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ
Примено: 22.12.2017

| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
|---|---|---|---|
| 01 | 5658 | 1 | |

до

Г-дин Зоран Трајчевски, Директор
Палата Панко Брашнаров
ул. „Македонија" бр.38
1000 Скопје

Предмет: Коментари на Нацрт Програмата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2018 година

Почитувани,

Ви благодариме за укажаната можност за коментар на Нацрт Програмата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2018 година (понатаму: Нацрт Програма). Во насока на унапредување на подзаконските решенија и активностите во врска со реемитувањето на програмските сервиси како и обезбедувањето на нелинераните услуги, би сакале да ги дадеме следните коментари.

Во Нацрт Програмата, во делот на регистрација на услугите на барање односно нелинераните услуги е наведено дека за истите се поднесува пријава како што е предвидено за линеарните услуги што е во спротивност со сегашното законско решение нелинераните услуги само да се нотифицираат, утврдено во член 56 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и дополнително во Насоките за идентификација на давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање издадени од страна на Агенцијата во март 2017 година (понатаму: Насоки). Поради природата на медиумските услуги по барање кои се разликуваат од линеарните услуги како што е утврдено во Насоките, сметаме дека е доволна само нотификација на истите од причина што ваквата пракса е востановена и во останатите земји кои ја имаат имплементирано Директивата за аудиовизуелни медиумски услуги 2010/13/ЕУ. Дополнително спроведувањето на надзорот од страна на Агенцијата и редовната достава на ажурирани каталози на содржините на месечна основа од страна на операторите сметаме дека ја исполнуваат целта на законските прописи во оваа област.

Исто така сметаме дека Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во Нацрт Програмата треба да предвиди измени на постојниот Правилник за регистрација во насока на олеснување на целокупниот процес на регистрација на програмските пакети и да го имплементира електронскиот начин на комуникација помеѓу Агенцијата и операторите кои вршат реемитување на програмските сервиси.

Во врска со планираниот надзор над субјектите согласно надлежностите на Агенцијата, се залагаме за рамноправен третман на сите субјекти односно вршење редовен надзор на сите оператори кои вршат реемитување на програмски сервиси вклучително и помалите оператори. Во однос на надзорот, би сакале да укажеме, по извршениот надзор од страна на Агенцијата врз релевантниот субјект, Агенцијата да изготви и да го достави до субјектите на надзорот без оглед на наодите во истиот. Ова од причина што досега, субјектот на

надзорот не добива повратна информација доколку при надзорот не се најдени неправилности во работењето на субјектот односно не е утврдена повреда на законските и подзаконските прописи, а истата е битна за понатамошното работење.

Се надеваме дека нашите коментари ќе бидат земени предвид при донесувањето на финалниот текст на Програмата на Нацрт Програмата и соодветно ќе бидат имплементирани.

Со почит,
Директор на Сектор за регулативни и големопродажни прашања,

Слободанка Гиевска

МАКЕДОНСКИ ТЕЛЕКОМ
Акционерско друштво за
електронски комуникации-Скопје
Кеј 13-ти Ноември 6
1000 Скопје